Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

[redacted]


Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08- 8191/7
2?.12.2016
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk


До
Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија
Ул"12 Ударна бригада" број 2 а
Скопје


СУТКОЗ
Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Р. Македонија
ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
Бр. 0302-403
28.12.2016 год.
СКОПЈЕ


Предмет: Известување
Врска: Ваш број 0302-386/1

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис под горенаведениот број, а во однос на издаден документ од страна на Министерството за труд и социјална политика, со кој се спори легитимноста на избраното раководство на СУТКОЗ на Република Македонија, Ве информираме за следново:

Министерството за труд и социјална политика како надлежен орган, има обврска согласно член 190 став (1) од Закон за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) да врши регистрирање и да ги запишува во регистарот на синдикати кој се води при ова министерство синдикатите на повисоко ниво.

Во законот со член 193 е уредено, дека во регистарот мора да се пријавува и секоја промена кај синдикатот, а тие промени потребно е да ги пријави лицето овластено за застапување на синдикатот.

Согласно наведеното, Ве известуваме дека до денес од страна на Министерството за труд и социјална политика, нема издадено никаков документ, со кој би се спорела легитимноста на избраното раководство на Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално-станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија .

Истовремено сакаме да Ве известиме дека со допис број од страна на Сојузот на Синдикатите на Македонија, бевме известени дека на 13.11.2016 година, била одржана седница на Советот на ССМ, на која беше донесена одлука за отповикување од функција претседател на Сојузот на Синдикатите на

Македонија и претседател на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија, одлука за избор на в.д. претседател на претседател на Сојузот на Синдикатите на Македонија и претседател на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија, како и записник од седницата на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија.

Министерството за труд и социјална политика, постапувајќи согласно член 193 од Закон за работните односи, а имајќи го во предвид барањето, поднесено од претседавачот на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија за промена на лице овластено за застапување во Регистарот на синдикати кој се води во Министерството го донесе Решението број 08-8194/1 од 14.11.2016 година, кое со целокупната пропратна документација го достави до Централен регистар на Република Македонија со цел да се изврши упис на промените во нивната база на податоци.

**МИНИСТЕР**

**д-р Фросина Ташевска Ременски**

Изработил: Стојна Влахо